РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-440
24.02.2017 година
СКОПЈЕ

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ
СКОПЈЕ

| Примено: | 06-03-2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | -364 | /2 | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија"бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

за почеток со работа на студиската програма Енергетска ефикасност, животна средина и одржлив развој (Energy efficiency, environment and sustainable development), втор циклус едногодишни студии на англиски јазик на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1.
2. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма Енергетска ефикасност, животна средина и одржлив развој (Energy efficiency, environment and sustainable development), втор циклус едногодишни студии на англиски јазик на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Решение бр. 12-174/2 од 23.02.2016 година за акредитација на студиската програма Енергетска ефикасност, животна средина и одржлив развој (Energy efficiency, environment and sustainable development), втор циклус едногодишни студии на англиски јазик на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултетот за електротехника и информациски технологии се обрати со барање бр. 08-364/1 од 13.02.2017 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 број 14-440 од 16.06.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма Енергетска ефикасност, животна средина и одржлив развој (Energy efficiency, environment and sustainable development), втор циклус едногодишни студии на англиски јазик.

Министерството за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-440 од 21.02.2017 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 18.01.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-440 од 23.02.2017 година, каде е наведено дека за студиската програма Енергетска ефикасност, животна средина и одржлив развој (Energy efficiency, environment and sustainable development), втор циклус едногодишни студии на англиски јазик на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА 2 СКОПЈЕ

МИНИСТЕР,
Pishtar Lutfiu

изработил: Биљана Зафировска
прегледал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити